Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

На **29.11.2013 година** Националниот превентивен механизам спроведе ненајавена посета на Царинска управа – Централна Управа (која е прва посета од страна на НПМ тимот на оваа установа).

НПМ спроведе **ненајавена посета** на Царинската управа со цел утврдување на состојбите и условите во местата каде лицата се лишуваат од слобода и постапувањето со истите. Целта на посетата е утврдена согласно мандатот кој произлегува од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување. Со Факултативниот протокол се дефинира дека целта на редовните посети на местата каде лицата се лишени од слобода е  идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Националниот превентивен механизам спроведе посета на Царинската управа која согласно одредбите на Законот за кривична постапка има надлежност да лишува од слобода, како и да врши задржување на лицата лишени од слобода. Во истиот закон се наведува дека "Лицето се задржува во посебно уредени полициски станици или за таа намена посебно уредени простории на Царинската управа и Управата за финансиска полиција, определени со акт на министерот за внатрешни работи, односно министерот за финансии."

Посетата на Царинската управа се спроведе на начин што најпрво се оствари разговор со началникот на одделението за истраги од секторот за контрола и истраги, а потоа НПМ тимот, направи увид во просториите за задржување, во просторијата за распит, во санитарните јазли, како и изврши увид во неколку записника за задржување.

Во состав на царинската управа има 2 простории за индивидуално задржување со еден кревет. Просториите за задржување се наоѓаат во подрумскиот дел од царинската управа. Двете простории ги задоволуваат минимум стандардите за сместување на задржани лица од аспект на нивната големина. Имено истите простории се со површина поголема од 4 $m^2$ со што се задоволува минималниот стандард од 4 $m^2$ по лице. Од увидот во просториите за задржување, НПМ утврди дека истите се соодветно опремени со чисти и уредни средства за одмор (за краткотрајни и ноќни задржувања), како што е кревет, нови душеци, јорган и перници за ноќен одмор и преспивање.

Во делот на осветлувањето, просториите ги задоволуваат стандардите кои се однесуваат на вештачка светлина, меѓутоа во просториите нема природно дневно осветлување, поточно во истите нема прозорец преку кој би влегувала и дневна светлина. Во објектот е инсталиран посебен централен систем за греење (подно греење) и разладување – при проверка на температурата НПМ тимот утврди дека во

просториите за задржување истата беше на задоволително ниво односно 22$^{o}$ C, а влажноста на воздухот се движеше околу 32%.

Просториите се изработени на начин и од материјали кои овозможуваат висок степен на заштита на лицата од повреди, а како дополнителна заштитна мерка е и видео надзорот поставен во собите за сместување. Преку видео надзорот се следи состојбата на задржаните лица. Во делот на заштита и безбедност на задржаните лица се и креветите на кои душекот е поставен на конструкција од плочки, со што се оневозможува нивно неправилно користење и злоупотреба. За задржаното лице е одговорен царински службеник што е во дежурна смена.

НПМ беше запознаен дека лицата секогаш се информираат за своите права и за причината за задржување на јазик што го разбираат преку преведувач (преку фирма за превод) или пак преку царинските службеници кои го зборуваат јазикот на задржаното лице. За задржување на лице во царинската управа се пополнува Записник за задржување.

Во управата се води Регистар за задржани лица во електронска форма, како и останатата евиденција за лица лишени од слобода се води во електронска форма. НПМ направи увид во два записника за задржување на лица, двата записника беа водени мошне уредно со тоа што сите колони се целосно и читливо пополнети. Имено од увидот во истите записници НПМ утврди дека во Царинската управа задржаните лица секогаш се запознаени со своите права согласно законските прописи и норми. При увидот во едниот записник НПМ констатираше дека на задржаното лице му е понудено храна, вода и цигари. Од увидот во записниците се утврди дека, додека лицето е задржано се прави непосредна контрола на секои 30 минути, за што соодветно се нотира во записникот за задржување. Исто така, во истиот записник се нотира кој од царинските службеници го вршел претресот, како и доколку е обезбеден преведувач преку соодветната амбасада.

При прегледувањето на записниците за задржување, НПМ утврди дека во истите записници нема посебна колона за нотирање на првичното време на лишување од слобода, односно моментот на приведување, туку се нотира првичното време на задржување на лицето лишено од слобода. НПМ смета дека ваквиот начин може да доведе до сомневање во поглед на правилното утврдување на времето на лишување од слобода имајќи во предвид дека законски се утврдува “Задржувањето може да трае најдолго 24 часа од моментот на лишување од слобода и во овој рок лицето мора да се изведе пред надлежниот судија”. Во таа насока НПМ препорачува во записникот за задржување на првата страна да се додаде уште една рубрика каде што ќе се нотира првичното време на лишување од слобода, односно приведување, а потоа со логичен тек да се заведе часот на задржување, со цел лишувањето од слобода да биде во максимум предвидениот рок од 24 часа, а првичното лишување од слобода да се заведува и на страна 5 каде се забележува хронолошкиот редослед на настаните.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за финанси и до управата на Царинската управ со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.